ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Делчево во новогодишна приказна
- Новогодишна честитка од градоначалникот Трајковски
- Буџетот на Општина Делчево за 2021 година во висина од 300 милиони денари
- Општина Делчево набавува теренско возило за гаснење пожари

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 10 ДЕКЕМВРИ 2020

## Делчево во новогодишна приказна



## Среќна Нова 2021 година



Новогодишна честитка од градоначалникот Трајковски



Буџетот на Општина Делчево за 2021 во висина од 300 милиони денари



Општина Делчево набавува теренско возило за гаснење пожари

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Новогодишно обраќање

## Новогодишно обраќање на градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски



Почитувани сограѓани,

Новата година е на прагот и посакувам во неа да влеземе со многу оптимизам, надеж, верба, да ја дочекаме со многу љубов и зад нас да ги оставиме сите стравови и болки, искушенија и недоразбирање, да го фрлиме зад нас, сето тоа што нè оптоваруваше во старата.

2020- е животна лекција.

Од неа научивме дека грижата за личното здравје е грижа за јавното здравје и таа е најважна лекција, научивме дека сите сме ранливи.
2020 година ќе ја паметиме долго.

Сега, кога ги броиме последните часови од старата година, вообичаено правиме резиме на годината што изминува. Во старата, одговоривме одговорно на предизвицит, ги завршивме капиталните проекти ветени во програмата и се подготвуваме за реализација на нови инфраструктурни проекти. Целта ни е развој во сите полиња од живеењето, од инфраструктура и образование, до спорт и култура. Во сите наши напори стои заедничкиот именител дека работиме во интерес на граѓаните.
Во Новата година влегуваме со нова енергија во остварување на нашите планови и програми- целта останува иста, подобар квалитет на живот на моите сограѓани. Во 2021 продолжуваме со уште поголема енергија и ентузијазам. Градиме по план и со срце за Делчево.

Во пресрет на Новата година, Ви порачувам да славите одговорно, останете дома со најблиските, почитувајте ги мерките, се ближи крајот на оваа криза и како и многу пати досега, низ вековите наназад, човештвото и овој пат излегува победник.
Во пресрет на новите 365 дена од 2021 година, во мое име и во име на вработените во Локалната самоуправа, Ви ги честитам новогодишните празници и божиќните празници на верниците од православна вероисповед и Ви посакувам мир, благосостојба и здравје, успеси на лично и професионално поле, Новата да ни ги врати прегратките и да ги тргне маските од лицето, а со старото друштво да наздравуваме за здравје и бериќет!

Почитувани сограѓани, сите проблеми, тешкотии и слабости оставете ги зад себе. Почнете од овој момент да размислувате позитивно, очекувајте подобро, животот е краток - но убав, не плашете се од никого, бидете храбри и нека секој ден ви започнува со насмевка, да поминува денот во среќа и да заврши со прекрасни сонови!
Од срце Ви посакувам сè најдобро во Новата Година !

Среќна Нова година и Среќен Божиќ!

# Донесен Буџетот на Општина Делчево за 2021



На 48 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците го донесоа Буџетот на Општина Делчево за 2021 година кој е во висина од 311.896.856 денари. Основниот Буџет е планиран во висина од 117.293.456 денари. Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од 86.156.429 ден., додека во основниот буџет се планирани во износ од 62.575.456 ден. и изнесува 53% во основниот буџет. Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување проекти за улици и патишта, надомест за одземен имот, изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот, така и во руралниот дел на општината, планирани се и средства за изградба на новиот пазар:

За подготвување проекти за улици и патишта се предвидени 1.000.000 денари; За изградба на улици и патишта- 20.736.000 ден.; за реконструкција на улици и патишта се планираат 4.500.000 ден, за изградба и реконструкција на пречестителни станици 5.406.000, за изградба на други објекти 19.695.000; за надзор над изградбата 900.000 ден, за набавка на возила (дигалка за потребите на јавното осветлување и возило за ТППЕ ) се планираат 2.300.000 ден, за надомест на одземен имот 2.000.000 ден, за купување опрема 580.000 денари. Најголем износ од средствата за изградба на други објекти се однесува за изградба на градскиот пазар, помал износ се за изградба на скејт-парк, како и други помали објекти).

На 48 Седница на Советот на Општина Делчево беше усвоен и Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година -квартал 3; Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година; Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2021 година; Буџетски календар; Одлука за одвојување средства за финансиско учество на Општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење; Измените на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2021 година; Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2021 година; Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање Совет за социјална заштита на Општина Делчево; Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2021 година; Одлука за изменување на Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето.

Совет на Општина Делчево

# Трајковски: Буџетот за 2021 г на Општина Делчево е развоен



Капиталните инвестиции во Основниот буџет на Општина Делчево за 2021 година се проектирани во износ од 62.585.456 денари, или 53,4% додека во вкупниот Буџет, тие се планирани во износ од 83.156.429 денари. Развојната компонента дава очекување, за економски раст на општината во 2021 година, бидејќи капиталните проекти очекувано се зголемуваат и по број и по квалитет. Ова го истакна градоначалникот Горан Трајковски во образложението на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година пред делчевските советници.

Трајковски потенцираше дека Општина Делчево се наоѓа во фаза во која е неопходно продолжување на инвестициите во инфраструктурата како услов за раст и развој на општината. Буџетот на Општина Делчево е развоен буџет во кој најголем дел од проектираните средства се расходи се наменети за капитални проекти, односно капитални инвестиции.

– Во 2021 година планираме да изградиме улици во нас.Расадник, во Први, Втори и  Трети Реон, улицата 3 од пешачкиот мост до новиот градски зелен пазар,улици во населба Стрелиште,една улица во с.Разловци, една улица во с.Трaботивиште, две улици во с.Вирче, две улици во с.Град, две улици во с.Стамер и по една улица во с.Звегор и с.Габрово.Тоа се улици кои се произлезени од приоритетите на граѓаните наведени во анкетните листови од месните и урбаните заедници, како и инфраструктура која е неопходна за целокпниот развој на градот Делчево. Исто така, планирани се средства и за реконструкција на улици во градската средина, а на почетокот на 2021 год. почнува и изградбата на градскиот зелен  пазар во Делчево. За реконструкција се предвидени улиците Скопска, Орце Николов и Острец, како и изградба на стариот локален пат Делчево – Тработивиште. Планирани се средства од донација за набавка на специјално противпожарно возило – камион во ТППЕ, како  дел од грантот добиен преку МСИП– проектот. Исто така, во буџетот во капитални расходи, од сопствени средства е планирана набавка на возило за одржување на јавното осветлување. Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата  во Општината, истакна Трајковски.

Клучни капитални проекти за 2021 г се изградбата на градскиот зелен пазар, изградбата на филтер -станицата и патната инфраструктура.

–Клучни капитални проекти на кои ќе посветиме големо внимание е изградбата на градскиот пазар и патната инфраструктура, но и максимална посветеност во сите сегменти за отпочнување на изградбата на филтер -станицата за чиста вода за пиење, како најважни сегменти за подобрување и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните на Општина Делчево. За поквалитетен живот на граѓаните обезбедивме средства за изградба на канализации и водоводи во општината. Преку Европска инвестициска банка ќе се реконструира комплетно водоводната мрежа во Ново Делчево и дел од нас. Милково Брдо, на потегот од улицата Вељко Влаховиќ кон бензиската на „Макпетрол“. Ова се, генерално, средствата што се планирани да ги инвестираме во реализација на капитални проекти што се од суштинско значење за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, бидејќи овој Буџет е правен од граѓаните и за граѓаните, рече Трајковски.

Вкупниот буџет на Општина Делчево за 2021 година е планиран на износ од **3**11.896.856 денари и е планиран согласно законската регулатива. **Основниот буџет** е проектиран на износ од **1**17.293.456 денари.

# Одржан буџетски форум

Актуелности



Преку зум-платформата се одржа најавениот буџетски форум, како една од алатките во услови на пандемија да се поттикне граѓанското учество за креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2021 г. Претставници од месни заедници, од граѓанските организации, претставници од бизнис-заедницата во Делчево учествуваа на Форумот за општински буџет кој го организираше Општина Делчево и кој е во рамките на процесот на изработка на Буџетот за 2021 година, а на кој му претходеа и јавна анкета, како и писмено доставени приоритети од месни и урбани заедници од одржани состаноци.

Целта на организацијата на форумот е одредување на приоритетните проекти за реализација во наредната година детектирана од граѓаните, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги приоритетите на граѓаните ќе ги предвиди за реализација.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој го отвори Форумот истакна дека во изминатите три години се решија деценисκи проблеми, но има уште доста нерешени проблеми, а ова е форма преку која се слуша гласот на граѓаните.

– Во Развојната програма за 2021 година, главен аспект ќе дадеме на изградбата на современ градски пазар. Средства во висина од 7 милиони денари се обезбедени од Агецијата за финансиска поддршка и рурален развој, а уште 7,9 милиони се предвидени во Буџетот на Општина Делчево за првата фаза, додека за втората фаза од изградбата за 2021 г. се обезбедени дополнителни 14 милиони денари преку Источно-планскиот регион. Изградбата на градскиот зелен пазар е од најголем приоритет за 2021 г, но тоа не значи дека нема да градиме и друга инфарструктура, како улици, водоводни и канализациски системи, истакна Трајковски.

Тој додаде дека секоја година во Буџетот се предвидуваат средства за реализација на најразлични програми, како програмата од областа на заштита на животната средина, од областа на културата, програма за односи со јавноста и промоција на општината, програмата за родова еднаквост, средства за поддршка на реализација на проекти на граѓанските и спортските клубови и сл.

Во рамките на процесот беа презентирани актуелните и планираните проекти на Општина Делчево, како и предлог-рамката на Буџетот за 2021 година, а во вториот дел од Форумот, учесниците ги претставуваа своите приоритети.

Актуелности

# Општина Делчево набавува теренско возило за гаснење пожари



Општина Делчево објави Повик за поднесување понуди за набавка на теренско возило за гаснење пожари. Повикот за понуди ја следи Општата објава за набавки за овој Проект објавена во изданието на UN Development Business, со бр. WB3498-08/16 и е во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги за кој Република Северна Македонија доби кредит од Меѓународната банка за обнова и развој. Во таа смисла, Општина Делчево дел од добиените средства од овој кредит, ќе ги искористи за исплата по договор за набавка на стоки– **Набавка на теренско возило за гаснење пожари.**

Заинтересираните понудувачи можеа да извршат увид во тендерската документација најдоцна до 30.12.2020.

Инаку, набавката на возилото за гаснење пожари е утврдена како приоритет и е резултат и на спроведената методологија на Светска банка „Урбанистичка ревизија" и од дополнителното анкетирање на граѓаните од месните и урбаните заедници. Приоритетот се јавува како потреба на граѓаните, поради големите материјални штети предизвикани од шумски и урбани пожари изминатиот период, но и старата механизација, односно старите противпожарни возила со кои располага ТППЕ Делчево. Со оваа набавка ќе се реши проблемот со дотраената и стара механизација на ТППЕ Делчево, а ќе се придонесе кон брза и навремена интервенција во случаи со пожари.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Се уредуваат природните реткости во Делчево



Во рамките на Програмата за зачувување на природата во Македонија – фаза 2, Компонента: Подобрување на статусот на природните вредности во Брегалничкиот регион, Македонското еколошко друштво (МЕД) во партнерство со Општина Делчево го реализира проектот „Обележување и изработка на различни информативни и едукативни содржини за природните реткости  Стамер, Ѕвегор и Киселичка Пештера“ кои беа прогласени за природни реткости во 2019 година.

Целта на оваа фаза од ПЗП е подобрување на статусот на природните вредности во Брегалничкиот регион преку прогласување нови заштитени подрачја, меѓу кои и категоријата на природни реткости и нивно промовирање.

За таа цел, за гореспоменатите природни реткости во Опшина Делчево, во тек се следните заштитно-промотивни мерки:

Поставување информативни табли со основни податоци за вредностите на палеонтолошкиот локалитет Стамер (од кои една на патот кој води према локалитетот и една на почетокот на едукативната патека), една на  геолошкиот профил Ѕвегор и една кај Киселичка Пештера.

Поставување 4 мали едукативни табли на локалитетот Стамер каде се откриени карактеристични наоди од пикермиска фауна (жирафа, носорог, коњ со три прсти и мастадон) и 3 на геолошкиот профил Ѕвегор;

Поставување патокази кон локалитетите Стамер и Ѕвегор;

Уредување место за одмор кај локалитетот Стамер и уредување едукативна патека согласно со наодите од теренот.

Изработка на трофеј на глава од жирафа, којашто е белег на локалитетот Стамер во природна големина и копии од пронајдените фосили од жирафа.

# Денови на хуманост дарувај со љубов



Традиционално, по повод 3 Декември и во рамките на „Деновите на хуманост-дарувај со љубов“, Општина Делчево повика да се разбуди филантропијата и општествената одговорност на фирмите, но и да се разбуди свеста за лицата со попреченост и нивната интеграција во општеството.

Во таа смисла, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, донира средства за да се подобрат условите за престој на овие лица во Дневниот центар во Делчево во насока на подобро одржување на хигиената на просторот односно инсталирање под кој ќе овозможи лесно одржување на чистотата во просториите што е согласно со протоколите за заштита од ковид 19.

– Денеска, кога целиот свет го одбележува Светскиот ден на лицата со посебни потреби, испраќам порака за поголема свест за лицата со посебни потребни, посебно, да се промовира подобро разбирање на полето на хендикеп, со фокус на нивните права и интеграција во општеството. И сето тоа што се промовира на овој ден и значајните пораки од овој ден- да бидат наши водилки цела година, порача Трајковски.

Оваа година, поради актуелната пандемија, дел од планираните активности во рамките на „Деновите на хуманоста“, нема да се одржат, дел ќе се имплементираат онлајн, но затоа јасно се испрати пораката: подобро разбирање на полето на хендикеп, со фокус на правата на лицата со посебни потреби и придобивките кои ќе произлезат од процесот на интеграција на овие лица во секој аспект на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во нивната заедница.

На темата „Различни, а сепак исти “ во образовните институции се реализираа разни содржини и изработки на часовите од воннаставните активности, а конкретен пример за интеграција на овие лица, даде делчевската библиотека, каде на 3 Декември малата Лаура ќе биде библиотекарка и ќе издава книги на читателите, а во ликовното студио на Центарот за култура „Н.Ј.Вапцаров“ се вклучија и деца со посебни потреби кои ќе ги учат техниките на сликарството.

Денови на хуманост „Дарувај со љубов“ се организираат по повод Светскиот ден посветен на лицата со попреченост, 3 Декември, во партнерство со образовните институции и детската градинка, ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, ЗГ„Бравура кооператива“, како и Комисијата за еднакви можности.

Во Делчево не е непозната формата на донирање, односно општествена одговорност на фирмите. Минатата година, фирмата „Брегал“ донираше за потребите на Дневниот центар електрично комбе за превоз на децата со попреченост, претходно со поддршка на швајцарската фирма „Албиро“, партнер на делчевската текстилна фирма „Крзно“, беше набавено комбе за превоз на децата од Дневниот центар во Делчево.

Актуелности

Актуелности

# Мобилната апликација за агрометеоролошката станица достапна за земјоделците




Земјоделците од  Делчево ќе можат да ги користат податоците од агрометеоролошката станица поставена во с. Тработотивиште во близина на филтер- станицата преку мобилната апликација која е достапна за сите заинтересирани. Преку оваа апликација земјоделците ќе добиваат информации за навремена заштита на земјоделските култури од атмосферските влијанија, како и да ги планираат сите агротехнички мерки што треба да ги преземат во одреден период од годината. Уредите што ги содржат станиците  ги мерат температурата и влажноста на воздухот, брзината и правецот на ветерот, количината на врнежи, соларната радијација, влажноста на листовите на растенијата, како и температурата и влажноста на почвата.

Софтверот од агрометеоролошката станица на секои 10 минути ги мери и ги запишува податоците кои потоа се трансферираат на серверот од каде се праќаат на мобилната апликација која е достапна за сите граѓани и веб-платформа која е специјализирана за земјоделците.

Изминатиот период Бизнис- центарот во рамките на Центарот за развој на Источно-планскиот регион,  организираше повеќе обуки за користење и десиминирање на информациите од агрометеоролошките станици и тоа со номинираните лица од секоја општина и засегнатите страни, земјоделци на ниво на општина.

Вакви агрометеоролошки станици за заштита на земјоделски култури и животна средина во ИПР беа поставени во сите општини од регионот.

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Реконструкција на фасадата во ООУ „Ванчо Прке“

Актуелности



Делчевското основно училиште од Владата на РСМ доби 5,1 милион денари за реконструкција на фасадата на училиштето. Согласно со Одлуката објавена во Службен весник, училиштето добива износ потребен за реализација на значаен проект за ова училиште што ќе значи изградба на енергетско- ефикасна фасада која покрај тоа што ќе донесе нов лик на училиштето, училиштето ќе штеди и енергија.

Директорот на ООУ „Ванчо Прке“, Горан Велков, истакна дека фасадата на училиштето не е реконструирана од неговото отворање во 1972.

-Изградбата на енергетско-ефкасна фасада е приоритетен проект за нашето училиште и значи нов лик на зградата, но и заштеда на енергија и на повеќе средства во буџетот на училиштето кое сега ги троши за затоплување. Динамиката на реализација на средствата на проектот ќе биде уредена со договор, така што во овој момент, најавуваме дека градежните работи ќе се реализираат во текот на 2021 г, а воедно, изразуваме и голема благодарност до Владата на РСМ што го прифатија нашиот проект и ни овозможија реализација на овој битен проект за нас, рече Велков.

Инаку, средствата за реконструкција на фасадата на училиштето се обезбедени од пренамена на средства за изградба на карго- аеродромот во Штип, а врз основа на анализа за проценка на економска оправданост. Станува збор за вкупно средства во висина од 49.743.119.00 евра распределени за реализација на 97 проекти на ниво на држава. Динамиката на реализација на средствата  на овие проекти ќе биде уредена со поединечни договори помеѓу концендентот Влада на Република Северна Македонија во својство на инвеститор и концесионерот ТАВ Македонија и општините, каде ќе се реализираат проектите.

Актуелности

# Градоначалникот Трајковски во посета на делчевските училишта



Воспитно -образовниот процес во делчевските училишта се одвива без поголеми проблеми и со строго почитување на протоколите за заштита од ковид -19. Ова беше потврдено на средбите што ги имаше денеска градоначалникот Горан Трајковски со директорите и родителите на ученици во образовните институции во градот.

Целта на средбите беше да се согледаат условите во кои се одвива воспитно-образовниот процес во училиштата во градот, да се детектираат слабостите и предизвиците со кои се соочуваат и наставниците и учениците, но и родителите.

За време на средбите, беше потенцирана неопходноста од строго почитување на протоколите за спречување на појавата и ширењето на коронавирусот, а беше дискутирано и за редовноста на следење на наставата на учениците.

Во моментов во делчевските училишта нема ученици и наставници кои се во изолација, посебно ова се однесува на учениците кои следат настава со физичко присуство.

Градоначалникот Трајковски испрати апел до присутните крајно сериозно, како и до сега, да се сфатат мерките за заштита од корона вирусот, да бидат одговорни во непреченото одвивање на наставниот процес, а за сите настанати проблеми навреме да се информираат надлежните.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# Хуманитарна акција во детската градинка

Актуелности





Согласно Годишната програма за работа и планираните активности ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево го реализираше традиционалниот настан „Здрава трпеза“ кој по втор пат доби хуманитарен акцент. Почитувајќи ги сите препораки и мерки за заштита од ковид-19, вработените во градинката, со поддршка на општествено одговорната фирма Дисконт „ПЕ КЕ“, а во рамките на одбележувањето на настанот, доставија хуманитарни пакети за семејства кои живеат во социјален ризик. Пакетите се состоеја од основни животни намирници, овошје и зеленчук и беа донирани на 13 семејства. Директорката Биљана Симовска истакна дека хуманоста е основното нешто на кое децата се учат уште од најмала возраст.

Инаку, одбележувањето на доаѓањето на Новата година во детската градинка поради пандемијата ќе биде поразлично во споредба со претходните години.

-Во согласност со протоколите за работа во услови на пандемија активностите ќе се сконцентрираат внатре во установата со дечињата интерно во групите. Внатрешно и надворешно во новогодишен стил се уредуваат и двата објекти, се изработуваат новогодишни честитки и се пишуваат писмата со желби на децата упатени до Дедо Мраз. Детските срца и насмевки, како и секогаш и овојпат порачуваат: За ние да растеме среќни и здрави секогаш сакајте се, чувајте се и бидете живи и здрави", истакна Симовска.

Актуелности

# Прехранбени пакети од Општина Делчево за ромски семејства



Со прехранбени пакети, Општина Делчево се вклучи во акцијата на Црвениот крст на Република Северна Македонија и Фондацијата „Отворено општество Македонија“ која се спроведува со цел во услови на здравствена криза да се помогне на ромски семејства кои живеат во социјален ризик.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, денеска на Општинската организација на Црвениот крст-Делчево додели 10 пакети кои содржат прехранбени продукти и кои заедно со пакетите кои вклучуваат средства за хигиена и дезинфекција, како и суплементи, обезбедени од ФООМ, ќе се дистрибуираат до таргетираните семејства.

Трајковски истакна дека Општина Делчево од почетокот на епидемијата со ковид 19, континуирано организира хуманитарни акции со цел да се помогне на оние семејства кои живеат на социјалното дно.

-Веќе 8 месеци сме активно вклучени во хуманитарни акции. Здравствената криза удира најмногу на оние семејства кои и така едвај врзуваа крај со крај. Ја поздравувам оваа иницијатива на Црвениот крст и на Фондацијата „Отворено општество Македонија“ и сакам да потенцирам дека и јас, како градоначалник и Општина Делчево, ќе продолжиме со хуманитарната акција, да помогнеме на оние на кои им е најпотребна помош. Воедно, изразувам благодарност за хуманоста на фирми и поединци од Делчево кои донираат средства и на тој начин ја потврдуваат и својата општествена одговорност во услови на криза, рече Трајковски.

Во рамките на хуманитарната акција на Црвениот крст на РСМ и ФООМ Делчево ќе бидат доделени вкупно 73 пакети со средства за хигиена и 10 прехранбени пакети. Во акцијата се вклучува и НВО КХАМ од Делчево.

# Редовна дезинфекција на јавни објекти и површини во Делчево

Актуелности




Екипи на ТППЕ Делчево вршат редовна дезинфекција на влезовите на јавните објекти, како дел од редовните активности кои ги презема Општина Делчево во рамките на Оперативниот план на Општина Делчево за спречување и заштита од ширењето на ковид-19. Во акцијата беа опфатени влезовите на банките и маркетите, каде вообичаено има поголема фреквенција на граѓани.

Согласно со Оперативниот план, Општина Делчево врши и редовна дезинфекција на просториите на Општина Делчево, дезинфекција на влезовите на јавните установи, контрола на примената и почитувањето на мерките за спречување на ширењето на заразата, контрола на економските оператори за превоз на патници (такси и линиски превозници. Исто така, редовна дезинфекција се врши и на градскиот пазар, а доколку дозволат временските услови, дезинфекција се врши и на фреквентните улици во градот и населените места.

Инаку, од 18 декември на сила се нови рестриктивни мерки донесени од Владата, по препорака на Комисијата за заразни болести, а со цел спречување на ширењето на коронавирусот. Со мерките кои ќе бидат на сила до 20 јануари, работното време на угостителските објекти е до 18 часот, а се забранува и организирање и одржување прослави на претстојните новогодишни и верски празници.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Подароци за малите, а големи читатели



Делчевската библиотека „Илинден“ на најмладите, а најредовни читатели им додели книги како подарок во знак за благодарност и награда што се редовни читатели и членови на градската библиотека, како претставници на најмладата генерација вљубеници во книгата. Подароци добија Александар Георгиевски, Анастасија Јовановска, Илија Спасовски и Евгенија Илиевска, а директорката на ЈЛБ „Илинден“ истакна дека овие дечиња се мали, но најголеми читатели во библиотеката.

Тоа се дечиња кои само што научиле да читаат или сè уште учат, ама редовно доаѓаат по нова книга, навреме ја враќаат ,знаат што сакаат да читаат, знаат што имаат прочитано и не сакаат да им сугерираш што треба да изнајмат. Сето ова го правиме како поттик или апел до сите родители да ги научат децата да ја сакаат книгата, да ги научат од мали да сакаат да читаат, да посетуваат библиотека. Љубовта кон читањето и убавиот пишан збор се создава во најрана возраст, истакна Петровска.

И покрај пандемијата со Ковид 19, ЈЛБ „Илинден“ успеа во текот на годината што изминува да реализира 15 активности и настани. И оваа година се бираше читател на годината, читател на летото, беа наградени најредовните и највозрасните читателки, а на крајот од годината награди добија и најмалите и најредовните читатели.

# Наместо новогодишен рекламен материјал-таблет за ученик

ЈЛБ„Илинден“ крајот на годината го испиша со хумана акција. Средствата предвидени за новогодишен рекламен материјал ги пренамени за купување таблет за ученик кој не е во можност да го набави, а со тоа и редовно да следи онлајн- настава. Таблетот беше доставен до одговорните лица во ООУ „Ванчо Прке“ кои го подарија таблетот на ученик на кој му е најпотребен.

-Искрено се надеваме дека нашите пријатели, соработници, членови на Управен одбор, нашите читатели нема да ни се налутат што оваа година од библиотеката како подарок ќе добијат обично пенкалце, затоа што сакаме да направиме едно поубаво и хумано дело. Ние не знаеме кај кој ученик ќе отиде овој таблет, тоа, воопшто и не ни е важно, ќе го однесеме во ООУ„Ванчо Прке“, а наставниците таму најдобро знаат, кој ученик најмногу ќе му се израдува и кој најдобро ќе го искористи, рече Петровска.

# Новогодишно украсување

Актуелности





Во пресрет на новогодишните и божиќните празници, Општина Делчево ги украси главните улици во градот со цел да се збогати новогодишната атмосфера. Украсувањето со новогодишни светилки и реквизити беше извршено со постоечките новогодишни украси, набавени претходните години, бидејќи за оваа 2020 година во Буџетот на Општина Делчево се скратени сите непродуктивни трошоци, па во таа смисла, во Буџетот нема предвидено средства за новогодишно украсување на градот.

Новогодишното украсување на улиците, објектите и домовите, има посебна традиција и порака, посебно во време, како оваа здравствена криза, со што се дава придонес за поттикнување на позитивното, надежта и вербата дека новата година ќе испишува позитивни страници, а воедно на најмладите, да не им се скратува новогодишната бајка.



# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**